# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| ”Службен гласник на Општина Ѓорче Петров” Излегува по потреба | 14. Ноември . 2007 год. Скопје Бр. 9 Год. II |
|---|---|



www.opstinagpetrov.gov.mk opstinagpetrov@yahoo.com


Скопје, Ноември 2007 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година**

Се објавува Одлуката за дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шеесетипеттата Седница на Советот, одржана на ден 12.11.2007 година.

**Број 08-2650/1**
**од 14.11.2007 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 и 15 од Законот за локална самоуправа (*Службен весник на РМ* бр.5/02) член 1 од Законот за дополнување на Законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и други избрани и именувани лица во Републиката (*Службен весник на РМ* бр.121/07) и член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа(*Службен весник на РМ* бр. 61/04 и 96/04) и член 16 точка 2 и 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (IСлужбен гласник на Општина Ѓорче Петровг бр.5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на Шеесет и петата седница одржана на 12.11.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Ѓорче Петров за 2007 година (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.12/06, 7/07 и 8/07), по членот 9 се додава нов член 9-а, кој гласи:

**Член 9-а**

На членовите на Советот на Општина Ѓорче Петров им припаѓа месечен надоместок за присуство на седниците на Советот и надоместок на патните и дневните трошоци.

Месечниот надоместок на членовите на Советот на Општината за присуство на седници на Советот се утврдува во процентуален износ од 70% од просечната месечна нето плата во Републока Македонија, исплатена за претходната година.

На Претседателот на Советот на Општината, за раководењето и организирањето на работата на Советот, надоместокот од став 2 на овој член се зголемува за 30%.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Бр.07-2573/3**
**Од 12.11.2007 година**
**Скопје**

**П Р Е Т С Е Д А В А Ч,**
**на Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за определување надоместок за присуство на седници и надоместок на патни и дневни трошоци на членовите на Советот на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за определување надоместок за присуство на седници и надоместок на патни и дневни трошоци на членовите на Советот на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шеесетипеттата Седница на Советот, одржана на ден 12.11.2007 година.

**Број 08-2650/2**
**од 14.11.2007 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 и 15 И член 45 од Законот за локална самоуправа(*Службен весник на Р.М.* бр.5/2002), член 1 од Законот за дополнување на Законот за плати и другите надоместоци на пратениците во Собранието и другите избрани и именувани лица во Републиката ( *Сл.весник на Р.М.* бр. 121/07) и член 16 точка 2 и 37 од Статутот на Општината Ѓорче Петров (*Службен гласник на Општина Ѓорче Петров* бр. 5/06 ), Советот на Општина Ѓорче Петров на Шеесет и петата седница одржана на 12.11.2007 година, донесе

## О Д Л У К А
## за определување на надоместок за присуство на седници и надоместок на патни и дневни трошоци на членовите на Советот на Општина Ѓорче Петров

**Член 1**

Со Оваа Одлука се определува надоместокот за присуство на седници на Советот и надоместокот за патни и дневни трошоци на членовите на Советот во рамките утврдени со Закон.

**Член 2**

На членовите на Советот на Општината им припаѓа месечен надоместок за присуство на седниците на Советот и надоместок на патните и дневните трошоци.

Средствата за исплата на надоместоците од ставот 1 на овој член се обезбедуваат во Буџетот на Општината Ѓорче Петров.

**Член 3**

Месечниот надоместок на членовите на Советот на Општината за присуство на седници на Советот се утврдува во процентуален износ од 70% од просечната месечна нето плата во Република Македонија, исплатена за претходната година.

**Член 4**

На Претседателот на Советот на Општината, за раководењето и организирањето на работата на Советот, надоместокот од член 3 се зголемува за 30%.

**Член 5**

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се исплатува на членовите на Советот за нивно присуство на сите седници на Советот што ќе се одржат во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се намалува за 30% за секое отсуство на членовите на Советот од седниците на Советот што се одржуваат во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не му се исплатува на членот на Советот, доколку членот на Советот не присуствувал на ниту една седница на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува доколку Советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 6**

На членовите на Советот им се утврдува месечен надоместок во износ од 8.000,00 денари за трошоци за присуство на седници на Комисии на Совет, за работа на терен и други трошоци за извршување на задачи кои произлегуваат од работата на Советот, за непосредно следење на определени прашања за ефикасно функционирање на Советот, за контакти со граѓани и институции, за посета на определени објекти во населените места во Општината и други задачи.

**Член 7**

На членовите на Советот кои се определени да учествуваат при склучување на бракови, им се определуваат трошоци во износ од 1000,00 денари за секој ден на присуство при склучување на бракови, без оглед на тоа колку бракови се склучени во тој ден.

**Член 8**

На членовите на Советот им се исплатуваат надоместоци за патни и дневни трошоци за службени патувања во земјата и странство, според прописите кои се однесуваат на државните службеници вработени во општинската администрација на Општина Ѓорче Петров.

**Член 9**

Надоместокот за присуство на седници и надоместоците за патни и дневни трошоци на членовите на Советот ќе се пресметуваат и исплатуваат согласно оваа Одлука, преку Секторот за финансии и локален економски развој на Општина Ѓорче Петров.г

**Член 10**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на надоместоците за присуство на седници и за патни и дневни трошоци на членовите на Советот на Општина Ѓорче Петров бр.10-822/1 од 30.05.2005 година и Решението за определување надоместок на Председавачот на Советот на Општина Ѓорче Петров бр. 10-822/3 од 30.05.1005 година донесени од Комисијата за мандатни прашања избор и именувања.

**Член 11**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров *.

**Број 07-2573/4**
**Од 12.11.2007 година**
**Скопје**

**П Р Е Т С Е Д А В А Ч,**
**на Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

# Содржина

## Општина Ѓорче Петров

1. Одлука за дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година.....................стр.2

2. Одлука за определување на надоместок за присуство на седници и надоместок на патни и дневни трошоци на членовите на Советот на Општина Ѓорче Петров.......................стр.4

Издавач: Општина Ѓорче Петров
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи
и работа со Советот
ул.Ѓорче Петров бб.тел.02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309
Тираж:50 примероци